# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk


Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1288/2
11. 07. 2022 год.
ОБЛЕШЕВО

**До**
**Здружение на граѓани РЕАКТОР – Истражување во акција**
**Бул.Партизански одреди 18/1-11**
**-Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Во врска со Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер Ви го доставуваме следниот Одговор:

1.Координатор за еднакви можности во општината е Катерина Постолова, е-маил: katerina.postolova@cesinovo-oblesevo.gov.mk, тел: 078/561-189

За истата нема посебно Решение за назначување од причини што во Правилникот за систематизација на работните места во општина Чешиново-Облешево, во делот на работни задачи на истата стои и делот „врши координација на еднакви можности на мажите и жените".

2.Да, делокругот на работни задачи на координаторот се утврдени во актот за систематизација на работните места

3.Членови на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените се:
- Слаџана Ангелова, е-маил: sladjanakarova@yahoo.com, тел: 078/ 250 – 343
- Анита Колева, е-маил: koleva.a@yahoo.com тел: 078/296 – 355 и
- Франческо Наков, е-маил: nakovfrancesko@yahoo.com тел: 076/ 424 – 274

4.Листата на членови на Советот на општината и нивните контакти се прилог на овој одговор

5.Нема поднесен Годишен Извештај до МТСП

6.Буџет на ЕЛС за 2021
https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%91%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82/

7.Интегриран план за локален економски развој
https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/wp-content/uploads/2019/10/%D0%98%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%9B%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%A0%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%A7%D0%B5%D1%88%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%9E%D0%B1%D0%BB%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%B2%D0%BE.pdf

8.Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност, прилог на овој одговор

9.Општината нема донесено документ со посебни мерки за родова рамноправност.

Одговорот Ви го доставуваме за ваши потреби.

Со почит,

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изготвил:

**ЛИСТА НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**
**2021-2025**

| Р.бр. | Име и презиме | Политичка партија | Телефон | Е-маил |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Орце Митров-Претседател на Советот | ЛДП - ДОМ | 078/702 – 192 | orcemitrov@gmail.com |
| 2. | Славе Донев | Коалиција „Обнова на Македонија" | 077/504 – 229 | slavedonev@yahoo.com |
| 3. | Боби Ѓоргиев | Коалиција „Обнова на Македонија" | 070/237 – 850 | bobigorgiev1985@gmail.com |
| 4. | Анита Колева | Коалиција „Обнова на Македонија" | 078/296 – 355 | koleva.a@yahoo.com |
| 5. | Филип Јосев | Коалиција „Обнова на Македонија" | 078/253 – 089 | filip1303@yahoo.com |
| 6. | Сане Стојанов | Коалиција „Обнова на Македонија" | 070/ 217 – 679 | info@cesinovo-oblesevo.gov.mk |
| 7. | Слаџана Ангелова | Коалиција „Најдоброто за мојата општина" | 078/ 250 – 343 | sladjanakarova@yahoo.com |
| 8. | Иван Андонов | Коалиција „Најдоброто за мојата општина" | 077/ 684 – 769 | ivanandonov2012@gmail.com |
| 9. | Стојан Ангелов | Коалиција „Најдоброто за мојата општина" | 078/ 200 – 122 | astojance@gmail.com |
| 10. | Франческо Наков | Група избирачи | 076/ 424 – 274 | nakovfrancesko@yahoo.com |
| 11. | Саше Донев | ЛДП - ДОМ | 071/ 642 - 627 | sasedonev14@gmail.com |

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на Република Македонија бр.66/2006, 166/2014 и 150/2015) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.12.2021 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на општина Чешиново-Облешево за 2022 година**

**Вовед**

Согласно член 16 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на Република Македонија бр.66/2006, 166/2014 и 150/2015), Единиците на Локалната Самоуправа се должни да ги утврдуваат и унапредуваат еднаквите можности и да го почитуваат принципот на еднакви можности при усвојување на мерки и активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности меѓу половите.

(1) Единиците на локалната самоуправа за постигнување на целите на овој закон, во рамките на своите надлежности се должни да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку преземање на општи и посебни мерки од членовите 5, 6 и 7 од овој Закон и да изработуваат годишен план во кој ќе ги утврдат општите и посебните мерки.

(2) Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

(3) Органите на единиците на локалната самоуправа при донесувањето на развојни планови и други акти и одлуки, се должни да ги разгледуваат и да ги земат предвид предложените мерки и активности од страна на комисијата за еднакви можности на жените и мажите и координаторот за еднакви можности на жените и мажите .

(4) Органите на единиците на локалната самоуправа се должни да соработуваат со здруженијата на работодавачите, синдикатот, невладините организации и здруженија активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот.

(5) Единиците на локалната самоуправа се должни да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојно тело со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на единицата на локалната самоуправа.

**I.Мерки и Активности**

-Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при општина Чешиново-Облешево ке соработува со здруженијата на работодавачите, синдикатот, невладините организации и здруженија на граѓани активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот.

-Комисијата за еднакви можности од ставот (5) на овој член:

-Дава мислење во однос на материјалите и предлозите за седниците на Советот и мислењето ќе го доставува до Советот на разгледување;

-Учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на Стратегијата за развој на единицата на локалната самоуправа, донесувањето на буџетот на единицата на локалната самоуправа, Статутот, Програмата на Советот и др.

-Идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање

на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација; -Ќе се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите и други закони од областа на еднаквите можности и не - дискриминацијата, предлагајќи му на Советот мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на единицата на локалната самоуправа.

-Насоките и мерките за постигнување на целите ќе бидат насочени во посебни области на општествениот живот пред се во областа на вработувањето, социјалната сигурност и здравствената заштита, образованието, семејните односи и застапеноста на жените и мажите во јавниот живот.

-Комисијата со цел да ја зголеми родовата рамноправност ќе организира трибини, семинари, работилници, ќе промовира пропаганден материјал и информациски кампањи со изработка на флаери во соработка со женските невладини организации.

-Комисијата ќе се заложи за отварање на канцеларија со одредување на админисатративно лице, техничка опрема на канцелариите со отварање на СОС телефон.

-Комисијата ќе ја промовира родовата рамноправност на локално ниво.

II. **Цели**

-Охрабрување на жените за пријавување на семејното насилство како и насилство за време на работа.

- Човечките права - недискриминација

-Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница

-Подигање на свеста за грижа на жената на сопственото здравје

-Подобрување на информираноста кај младите за заштита од несакана бременост и инфективни заболувања.

-Изготвување на основни статистички податоци за економско-социјална положба на жените на територијата на општина Чешиново-Облешево

-Родово одговорно буџетирање

-Јакнење на капацитетите/едукација на КЕМ, советниците од советот на општината, општинска администрација, образовни институции (како и други чинители во општествениот живот)

-Интезивирање и проширување на соработката со НВО од областа на еднаквите можностите

**III.Задачи:**

- Одржува трибини и предавања
- Формирање на женски НВО

-Одржува состаноци со сите претставници на женските форуми од политичките партии со цел на поттикнување на учество и зголемување на вклученоста на жените во јавниот живот

-Обезбедува финансиска подршка преку вработување на жени и жени самохрани мајки.

-Организира трибини и работилници за подигање на јавната свест за социјално вклучување на самохраните лица во општествениот живот.

-Обезбедува субвенционирано доделување на социјални станови.

**IV.Јавност**

Во врска со предложените мерки и активности на Комисијата за родова рамноправност, граѓаните на општина Чешиново-Облешево ќе бидат информирани преку средствата за јавно информирање.

На Web-страната на општината и

На официјалната фејсбук страна на општината

**V.План за акција**

Комисијата ќе се состанува на секои три месеци со цел да се направи преглед на спроведените активности во периодот што изминал, и превземање на мерки за наредни активности.

Комисијата на крајот на годината ќе достави финален извештај за својата работа до Советот на општината.

**ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**

**VI.Буџет**

Работата на Комисијата ќе биде финансирана од Буџетот на општината и разни општи и тековни донации.Вкупно обезбедени финансиски средства од Буџетот на општината...... 30.000,00денари

-Одржување на трибини за потикнување свеста кај жените за заштита од семејно насилство како и едукација за навремено информирање до социјалните установи и МВР – 7.000,00денари

-Трибина и едукација на жените од малигни заболувања како и рано откривање на рак на дојка и матка –5.000,00 денари.

-Трибина за малолетна деликвенција(разни пороци кај младите, како алкохол,дрога идр,).- 5.000,00денари.

-Работилници – 4.000,00денари

-Учество во проекти за наведените случаи – 5.000,00денари

-Печатење на флаери и др.потребни материјали за трибини и работилници. – 2.000,00денари.

-Други тековни трошкови – 2.000.00денари.

**VII. Завршни Одредби**

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ке се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1999/1
15.12.2021 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2022 година**

1.Ја прогласувам Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2022 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2008/1
15.12.2021 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02), како и врз основа на член 15, став 1, точка 13 од Статутот на општина Чешиново – Облешево (“Сл. гласник на општина Чешиново – Облешево” бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново – Облешево на седницата одржана на ден 14.12.2021 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2022 година**

**ЦЕЛ**

Основна цел на Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2022 година на Општина Чешиново-Облешево се:

-унапредување на соработката помеѓу Општина Чешиново-Облешево и здруженија и фондации, преку воспоставување на механизми за соработка.

-зголемување на транспарентноста и отчетноста на Општина Чешиново-Облешево преку зголемување на протокот на потребни информации помеѓу Општината и граѓанските организации.

-иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Чешиново-Облешево.

-подобрување и зајакнување на соработката на Општина Чешиново-Облешево со Здруженијата и Фондациите.